ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02 - 416 - 7
Прилеп 28.04.2022 год.

**Извештај за вршење на контроли над управувањето на ТК АД Прилеп согласно член 480 од Законот за трговски друштва**

Неизвршните членови на Одборот на директори на ТК АД Прилеп во остварување на законската и статутарната надлежност за увид и контрола на работењето на извршните директори, генерално на сите седници на Одборот на директори во текот на 2021г. се залагаа за стриктно почитување на законските прописи, статутот и другите акти на друштвото.

Контролата над работењето и управувањето со Тутунски Комбинат АД Прилеп беше вршена и посебен акцент се стави на продажбата на тутуни и набавки во друштвото и неизвршните членови на Одборот на директори на ТК АД Прилеп учествуваа во носење на одлуки кои се во надлежност на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп.

Контролата над управувањето со друштвото за деловната 2021г.е вршена врз основа на задолжувања на стручни лица и служби во друштвото, со задолжување за изготвување на писмени извештаи и давање на стручни мислења во деловите каде што органот на надзор имаше потреба да ги врши ваквите контроли.Овие контроли беа перманентни и континуирано правени во текот на целата 2021г. Врз вака изготвените извештаи од службите и стручните лица и со нивна соодветна анализа, Одборот ги донесуваше предложените одлуки на седниците.

Посебен акцент беше ставен на финансиските извештаи на ТК АД Прилеп за деловната 2021г.

Ревизорската куќа, Друштво за ревизија Пелагониска ревизорска куќа ПЕРК ДОО Прилеп беше предложена од Органот на управување, а прифатена од Собранието на акционери на АД Прилеп да изврши контрола на финансиските извештаи. Паралелно со преземените дејствија на независниот ревизор, беа формирани пописни комисии кои што имаа за задача да ја констатираат фактичката состојба на имотот и паричните средства на ТК АД Прилеп.

Видно од ревизорскиот извештај изготвен од ревизорската куќа Друштво за ревизија Пелагониска ревизорска куќа ПЕРК ДООЕЛ Прилеп дадено е следното мислење на ревизорот :

Финансиските извештаи објективно ја презентираат во сите материјални аспекти финансиската состојба на Тутунски комбинат АД Прилеп на 31 декември 2021 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

Почитувајќи ја законската обврска за организирање на Служба за внатрешна ревизија Одборот на директори ја организира оваа Служба, усвои Годишен План за работа и во истата професионално се вработени раководител на службата за внатрешна ревизија и внатрешен ревизор, кои што постапуваат согласно законските обврски и согласно Стандардите на внатрешна ревизија

Служба за внатрешна ревизија во текот на 2021г. изврши 2 (две) редовни ревизии на работењето на друштвото, со даден опис при вршење на конкретните ревизии издаден наод , сугестии и мислења за понатамошното работење на друштвото и тоа: "Контрола на усогласеност" Извештај бр.11-1055/1 од 02.06.2021, "Контрола на информатичкиот систем" Извештај бр.11-2019 од 08.10.2021г.

Врз основа на извршените контроли и Извештајот на независниот ревизор за извршена ревизија на приложените финансиски извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп во согласност со Меѓународните стандарди согласно член 480 став 3 од ЗТД, неизвршните членови на Одборот на директори предлагаат до Собранието на акционери, Годишната сметка и финансиските извештаи за Тутунски комбинат АД Прилеп да бидат одобрени од Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп.

Претседател на Одбор на директори
на Тутунски комбинат АД Прилеп
Миле Велкоски

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7